УДК: 372:009(497.7)

# РЕФЕРАТ ЗА 25-ГОДИШНАТА ДЕЈНОСТ НА КАТЕДРАТА ЗА ХУМАНИСТИЧКИ СТУДИИ

Катедрата за хуманистички студии бележи 25-годишно постоење на Филозофскиот факултет, остварувајќи настава и истражувања во дисциплините од хуманистичко-историско-социјалните науки. На технaичко-технолошките и медицинските факултети, Филолошкиот факултет, Факултетот за физичка култура и на факултетите на уметностите, или на, вкупно, 14 факултети, таа одвива дел од дејноста на Филозофскиот факултет, во рамките на Универзитетот Св. Кирил и Методиј или определено во дисциплините: филозофија на техниката, социологија на технолошкиот развој, социологија на медицината, социологија на спортот, филозофија на културата, филозофија на уметноста и антропологија. Денес, во рамките на оваа дејност учествуваат еден редовен професор, еден вонреден професор, три доцента и еден асистент кој е непосредно пред избор во наставно звање, сите шест доктори на науки, а тоа се: проф. д-р Јованка Кепеска, вонр. проф. Бранислав Саркањац, доц. д-р Владимир Давчев, доц. д-р Слободанка Маркоска, доц. д-р Денко Скаловски и асс. д-р Сузана Симоновска.

Во изминатиов дваесетипетгодишен период, професорите и соработниците на Катедрата за хуманистички студии бележат видливи педагошки и научни резултати. Најнапред, потребно е да се одбележат нивните повеќебројни авторски книги, меѓу кои објавените шест учебника и една хрестоматија. За наставните дисциплини што се развиваат во рамките на Катедрата, објавени се следните учебници: збирен труд на наставниците, Основи на марксизмот, изданија 1982 и 1987 год.;

Техниката и хуманизмот, од Коста Костов, издание на НИО Студентски збор, 1987 год.; Современиот научно-технолошки развој, филозофски и социолошки аспекти, од Јованка Кепеска, издание на НИО Студентски збор, 1997 год.; Социологија на медицината од Стефан Костовски и Бранислав Саркањац, издание 1998 год.; Социологија на спортот, од Јованка Кепеска, издание 2000 год.; Филозофија на музиката од Денко Скаловски, издание 2001 год.; и хрестоматијата Антропологија, зборник текстови, што го уредија Слободанка Марковска и Сузана Симоновска, издание 1999 год.

Последниве пет години членови од Катедрата зедоа учество и во еден европски проект, во еден меѓународен проект и во три национални проекти. Само во последниве пет години членовите на Катедрата учествувале или биле организатори на вкупно 40 научни собири. Следат и повеќе од 300 библиографски единици објавени статии, прикази, настапи на различни медиуми, циклуси предавања, како и учество во уредувачки одбори на списанија и друго. Во исто време, раководители на Катедрата за хуманистички студии во изминатиов 25-годишен период биле: проф. д-р Димитар Димитров, проф. д-р Стефан Костовски, проф. д-р Коста Костов, проф. д-р Јованка Кепеска.

Откога образованието од општествено-хуманистичките предмети за студентите на нематичните факултети во претходниот период се реализираше во поинаков опсег и со поинакви белези, од учебната 1973/74, кога на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје постоеја три предмети: Основи на марксистичка филозофија, Политичка економија и Основи на марксистичката социологија, во учебната 1976/77 год. се воведе единствениот предмет на сите факултети (вкупно 17), Основи на марскизмот. Наставата по овој предмет, која во овој период се одвиваше на 22 факултета, според принципот на матичност, ја презеде Филозофскиот факултет. Во учебната 1977/1978 год. за таа цел се формира прво посебна Катедра, а покасно и Институт. Во наставата по овој предмет учествуваа 10 наставници од кои шест члена од Катедрата: Димитров Димитар, Кепеска Јованка, Костов Коста, Костовски Стефан, Нико-

димовски Лазар, Поповски Владо, и четири наставници од катедрите по филозофија и социологија, Петре Георгиевски, Блага Петровска, Илија Ацевски, Љубомир Цуцуловски и 12 соработници од кои 9 од Катедрата: Давчев Владимир, Димовска Доста, Ивановска Славица, Ковачевиќ Снежана, Марковска Анета, Маркоска Слободанка, Петковска Антоанела, Скаловски Денко, Симоновска Сузана, и тројца од тогашните катедри за филозофија и социологија: Мирко Ѓошевски, Јован Корубин и Нелко Стојановски.

Ваквиот концепт на образование се реализира сѐ до учебната 1989/90 година кога како резултат на актуализирањето на проблематиката на општествено-хуманистичкото образование, со оглед на навестените општествено-политички промени, Универзитетот Св. Кирил и Методиј изврши измени на наставата, определувајќи:

Факултетите во своите наставни планови да застапат најмалку еден предмет од оваа област кој не може да биде со помал годишен фонд од 90 часа. Насловот и содржината на предметот или предметите да ги искажат актуелниот општествен момент и потребите на профилирање на одделни стручни кадри и образование кое го тематизира световниот, човечкиот и општествениот концепт на една професија (лекар, инженер, филолог, педагог итн.).

Како матичен, Филозофскиот факултет подготви предлог-наслови и содржини на предмети, оставајќи и самите факултети да одлучат кои предмети ќе ги застапат во своите наставни планови.

Така, во 1990/91 год., речиси на сите факултети на Универзитетот во наставните планови беше воведен еден наставен предмет од областа на хуманистичките или социјалните науки кој беше застапен со фонд на часови, не помалку од 45 и не повеќе од 90.

Според единствената извршена компаративна анализа за застапеноста на хуманистичките и социјалните науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј (Анализата „Застапеност на општествено-хуманистичкото образование на факултетите на универзитетот Св. Кирил и Методиј, другите југословенски универзитети и некои универзитети во

светот“, Скопје, септември 1991 г., направена за потребите на Универзитетот) може да се констатира дека во наставните планови и програми на природно-математичките, техничко-технолошките, медицинските и био-техничките факултети вакви предмети партиципираат од 2,6% до 4,2%. Тоа зборува дека нашата земја спаѓа во редот на оние земји во кои предметите од оваа област во наставните планови на високообразовните институции се застапени со мал процент, особено во однос на европската образовна практика.

Дискусијата на една работилница, одржана претходната година во рамките на проектот во организација на Сорос, „Другиот во наставните содржини на високото образование во Р. Македонија“, исто така, покажа дека во рамките на високото образование има ургентна потреба од образование од сферата на хуманистичките и социјалните дисциплини.

Мораме во оваа прилика да укажеме дека последниве години, во европски размери, развиено се тематизираат хуманистичките и социјалните науки со оглед на предизвиците што ги создава транзицијата на земјите во кои спаѓа и нашата. За таа цел преземени се повеќе истражувачки проекти од страна на Европскиот совет за високо образование. Установени се програмите на Европската унија SOCRATES, TEMPUS, TACIS, PHARE, додека УНЕСКО отпочна меѓународна истражувачка програма во сферата на високиот приоритет на владите (наречена MOCT, што значи, управување со социјалните трансформации). Европската научна фондација, здружение на националните истражувачки совети, им се придружи на активностите на Европскиот совет за високо образование и на Парламентарното собрание на Европскиот комитетот за наука и технологија. Унгарија, Полска и Словенија итн. беа новите држави членки на Советот на Европа што имаа членови-организации во Европската научна фондација, но во исто време и други индивидуални научници и истражувачки групи од Централна и Источна Европа се придружуваат да учествуваат во ваквата мрежа и на конференциите. Институтот за хуманистички науки во Виена ги спроведува проектите

ориентирани на проблемите на посткомунистичката трансформација на бившиот источен блок.

За нас во оваа дискусија суштински се истакнатите барања за обнова на хуманистичките и социјалните науки, и тоа првенствено со воведување на повеќедисциплинарност, развој нови курикулуми, осигурување квалитет и акредитација, внесување на модерна технологија, учебни материјали, документација; додека во однос на аспектите на студентите и наставниот кадар тоа се аспектите на компетиции, отворањето на перспективите за кариера, пазарните трендови, ослободување од политиката, но и учеството на хуманистичките и социјалните науки во развојот на другите професии. Се разбира дека се поставуваат и организациските аспекти какви што се прашањата за финансирање, управување на наставата/истражувањата, структурата на универзитетските системи, релациите помеѓу универзитетите и академиите на науките, за меѓународната помош и соработка и др.

Заклучоците, пак, што можат да се изведат од дискусиите за хуманистичките и социјалните науки во предизвиците на транзицијата можеме да ги сведеме на следното:

Транзицијата не може да се базира врз постоечката западна теорија и методологија поради што потребно е, земјите што се впуштиле во процесот на реформи, да се екипираат самите себеси за да изградат општество базирано врз демократија, пазарна економија и врз социјални и културни аспекти на таквиот развој. Притоа, хуманистичките и социјалните науки учествувајќи со студии за однесувањето на индивидуите и групите, економијата, цивилното општество, државата и нејзините институции, ја претставуваат стратегиската точка во трансформацискиот процес. Затоа овие науки можат да одиграат одлучна и улога за респект, овозможувајќи информации и анализи да може изборот да се изврши и да се овозможи соодветна политика за развој на општеството. Како што овие науки, можеби, се помалку егзактни и дедуктивни од природните науки, а сепак, мораат да бидат засновани врз квантитативна основа и

методологија, која притоа вклучува и други дисциплини, така, од друга страна, и егзактните науки имаат пресудна потреба од хуманистичките науки со цел да ги засноваат своите избори врз потребите на населението и развојот на планетата.

Филозофскиот факултет е средиштето на единството на хуманистичко-историско-социјалните науки, алма матер на единството на науките како универзитас. Почетоците на пресвртот за новите гледања, секако, затоа почнуваат, тука, на овој факултет, дозволете да кажеме, и на неговата Катедра за хуманистички студии.

Со оглед на нараснатата критичка свест кај нас и во пошироките европски простори, како и со оглед на потребите за универзитетската интеграција, воведувањето на Европскиот трансфер систем и модуларизација на нашите универзитети, се наметнува потребата за расправа и заземање ставови за местото и уделот на хуманистичките и социјалните науки на одделните факултети на универзитетите во Македонија.

Катедрата за хуманистички студии во склопот на ваквите настојувања го презема проектот за *Хуманистичкото образование на универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје* за стекнување сознание за тематските содржини во наставните програми од аспект на поврзаноста на предметите од областите од природно-математичките, техничко-технолошките, медицинските и био-техничките науки со предметите од областите од општествените и хуманистичките науки како основа за натамошен развој на предметните програми.

Во исто време, во месец февруари 2003 година на Филозофскиот факултет се одржа трибина посветена на хуманистичкото образование на универзитетите во Република Македонија.

Нејзини тематски насоки беа: теоретските претпоставки на хуманистичко-социјално-историските науки во единството на науките и хуманизмот, хуманистичкото образование но и критичкото мислење како потреба на стручните профили; местото и уделот на предметите од областа на хуманистичките и општествените науки во студиските прог-

рами на другите факултети во процесите на воведувањето на ЕКТС и модуларизацијата; споредбените искуства и развиеност на одделните дисциплини во сферата на хуманистичко-социјалните науки на европските универзитети; универзитетската политиката и политиката на управните и законодавни органи во сферата на хуманистичките и социјалните науки на факултетите на универзитетите во Република Македонија.

Да ѝ посакаме успешна дејност и честит 25-годишен јубилеј на нашата Катедра за хуманистички студии, на Филозофскиот факултет во Скопје.

*Проф. д-р* Јованка Кепеска